**М. Соколоски, Дервенџиството во Охридскиот санџак во втората половина од XVI век,** Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 19 (1967), стр. 169—202

До пред неколку години дервенџиството како институција беше недоволно позната и малку проучена во нашата млада историска наука. Најновиот прилог на Методија Соколоски ги проширува познавањата за споменатата установа. Авторот, користејќи го главно опширниот пописен дефтер № 25 за Охридскиот санџак, најнапред во еден преглед ги прикажал и критички ги осветил дервеџиските односи во Охридско, во Дебарско и во дел од Преспа. Потоа тој ги изнесол задолженијата и давачките на селаните од 33 дервенџиски села. Во статијата се соопштени и некои констатации на авторот во поглед на бројот и паричниот износ на давачките, во поглед на имотноправните односи, како и во поглед на етничката и верската припадност на дервенџиското население. Притоа заслужуваат внимание забелешките што се дадени во врска со ширењето на муслиманскиот елемент и со процесот на исламизацијата на населението во Македонија.

Во статијата станува збор најмногу за задолженијата на дервенџиите и за олеснувањата што ги имале во поглед на давачките. Статусот на дервенџиите се определувал според положбата на селото, а и според објектот за кој се врзувала дервенџиската служба. Дервенџиите биле задолжени да изградуваат, одржуваат и чуваат мостови и патишта, а и да чуваат дервени и преоди. Во с. Јанборија дервенџиите биле задолжени да го снабдуваат градот Коџаџик секоја година со по 1000 штици и 50 греди. Давачките се собираа во пари и во натуралии, па благодарејќи на нив може да се изврши реконструкција на сортите и на раширеноста на земјоделските култури. Освен тоа можат да се согледат и некои други стопански дејности во дервенџиските села.

Статијата содржи и податоци за структурата и за бројот на селското население, потоа за административната поделба на Охридскиот санџак, како и за тамошните комуникации. Големиот број и распоредот на дервенџиските села зборуваат за постоењето на развиена мрежа на патишта. Освен тоа, статијата изобилува и со топоними што можат да им послужат на лингвистите при нивните проучувања, а на антропогеографите при идентификацијата на некои исчезнати населби.

Методија Соколоски со статијата „Дервенџиството во Охридскиот санџак во втората половина од XVI век" дал уште еден добар прилог за познавањето, поправо за раширеноста и функционалноста на дервенџиската установа кај нас.

*Т. Т.*

**Настава историје, Nastava povijesti, Настава по историја, Pouk zgodovine** бр. 1 од 1967 г., стр. 62 и бр. 2 од 1967/68, стр. 62

По подолго време Сојузот на историчарите на Југославија, во договор со сите републички сојузи на историчарите и заводите за школство, одново го покренува издавањето на списанието по историја — „Историски преглед", под ново име, како што е одбележано во насловот. По самиот наслов може да се види неговата општојугословенска насоченост имено, статиите и останатиот материјал се печати на српскохрватски, македонски и словенечки јазик, односно на јазикот на кој што ја пишувал статијата авторот.

Основна намена на списанието е да даде помош на нставниците во нивната тешка и одговорна работа, а имено да се занимава со проблемите од наставата по историја, со научни резултати од историјата, со формации, воспитни прашања и слично.

Првиот број на списанието излезе во другата половина на 1967 г. а вториот во јануари оваа година. Двата броја содржат по 62 страници.

Првиот број ја донесува следнава содржина: Тези на проблемите на наставата по историја; Анкети за рабо-